Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **Сектор за планирање и уредување на просторот - Скопје**, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило (јавно зеленило) и тоа: 21(дваесет и едно) дрво (7 копривки, 4 јавори, 3 кедари, 3 катални, 2 хамаципариси, софора и оскоруша) како и расчистување на ниска вегетација што се наоѓаат **на Бул. "Македонија" , потег од раскрсница со ул. Митрополит Теодосиј Гологанов до раскрсница со ул. 11 Октомври и ул. Борис Трајковски (фаза 2 – од раскрсница сс Бул. Кочо Рацин и ул. Павел Шатев) – Скопје**.
2.Сечењето на дрвјата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Сектор за планирање и уредување на просторот - Скопје, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **13-сл** од **12.11.2026** година, за сечење на дрвјата што се наоѓаат на трасата на изведба , **на Бул. "Македонија" потег од раскрсница со ул. Митрополит Теодосиј Гологанов до раскрсница со ул. 11 Октомври и ул. Борис Трајковски (фаза 2 – од раскрсница со Бул. Кочо Рацин и ул. Павел Шатев) – Скопје**.
Вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвјата предмет на барањето пречат за изведба на градежни работи согласно Правосилно одобрение за градба Бр. 26/13-7100/1 од 08.07.2026 година издадено од Град Скопје, за изградба на Бул. Македонија, Фаза 2.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, . Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение. Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и дека барателот располага со правосилно одобрение за градба и дрвјата пречат за изведба на градежни работи.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-13-сл/2**
18.11.2026 година
Скопје

Доставено до:
-Барателот
-ЈП "Паркови и зеленило"
-Архива

Изработил
Марија Стојановска
_____

Контролирал:
Раководител на одд.
Емил Дуровиќ
_____

Пом.раководител на сектор
Петар Гичаровски
_____

Раководител на сектор
Зоран Лапевски
_____

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT-SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT *

Секретар на Град Скопје
Славче Трпески
_____

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15), постапувајќи по барање на Сектор за планирање и уредување на просторот, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14-13-сл/2** од 18.11.2026 год. донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
2. Решението бр. **14-13-сл/2** од 18.11.2026 год., донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3.Ова решение е конечно и извршно.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барање на Сектор за планирање и уредување на просторот, заедно со стручни лица од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје има направено увид. При увидот е утврдено дека дрвјата пречат за изведба на градежни работи на Бул.Македонија – фаза 2.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои потреба од сечење на 21 дрво (7 копривки, 4 јавори, 3 кедари, 3 каталпи, 2 хамаципариси, софора и оскоруша) и со реализација на решението значително ќе се овозможи убрзување на градежни работи за изградба на Бул. Македонија фаза 2, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа, смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Бр. 14-13-сл/3
18.11.2026 година
Скопје

Доставено до:
- Барателот
- Архива

Изработил
Марија Стојановска

_____

Раководител на одделение
Емил Дуровиќ

_____

Пом.раководител на сектор
Петар Гичаровски

_____

Раководител на сектор
Зоран Лапевски

_____

Секретар на Град Скопје
Славче Трпески

_____

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-SKOPJE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT-SHKUP